РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА
ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# СООПШТЕНИЕ

**Ниту еден граѓанин кој живее во стан во своја сопственост којшто бил исклучен од системот за централно греење пред 31 март 2019 година нема да плаќа никаков трошок за испорака на топлинска енергија од системот за централно греење започнувајќи од сметките за месец април.**

Сопствениците на становите коишто се исклучени од системот за централно греење се должни до снабдувачот со топлинска енергија да достават:

- Барање кое што е одобрено од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги и е достапно на шалтерите на снабдувачот,
- имотен лист на станот кој не е постар од 30 дена за кој бараат ослободување од обврската,
- лична карта на увид.

Обврската за плаќање на фиксен надоместок за централно греење ќе продолжи единствено за граѓаните коишто се исклучени од системот за централно греење и нивните станови се празни.

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ**

Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 / 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk